# РОКОВИ, УСЛОВИ И ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ ВО АКАДЕМСКАТА 2025/2026 ГОДИНА

## I. РОКОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ

**Пријавување-прв уписен рок: 01 до 15 октомври 2025 година.**
**Пријавување-втор уписен рок: 02 до 13 февруари 2026 година.**

**Поднесување приговори** на Прелиминарна ранг – листа: дополнително ќе се утврди и објави.

**Конечна ранг – листа** на примени кандидати: дополнително ќе се утврди и објави.

**Запишување** на примените кандидати во прв уписен рок: **20** и **21 октомври** 2025 година.
**Запишување** на примените кандидати во втор уписен рок: **18 - 19 февруари** 2026 година.

## II. УСЛОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ

Право на конкурирање имаат кандидатите што ги исполнуваат следните **услови:**
- да завршиле прв циклус или додипломски студии на соодветни и сродни студии;
- да ги исполнуваат другите услови предвидени во секоја студиска програма.

## III. ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ

Пред терминот на пријавувањето, во роковите утврдени со Конкурсот, секој кандидат треба да се регистрира на www.upisi.ukim.mk и да ја пополни електронската пријава од IKnow системот, со што автоматски добива број за електронско пријавување.

Доставувањето на потребните документи за пријавување во првиот уписен рок ќе се врши од 01 до 15.10.2025 година од 12,00 до 14,00 часот, во службата за студентски прашања на факултетот.

Доставувањето на потребните документи за пријавување во вториот уписен рок ќе се врши од 02 до 13.02.2026 година од 12,00 до 14,00 часот, во службата за студентски прашања на факултетот.

### III.1. ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

Бројот којшто кандидатот автоматски го добил од системот за електронското пријавување треба да се внесе и во Пријавниот лист за конкурирање за упис на втор циклус студии – Образец А2 од УКИМ што се поднесува при пријавувањето за упис.

При пријавување кандидатите ги поднесуваат во оригинал следниве документи:

1.Пријавен лист за конкурирање за упис на втор циклус студии – Образец А2 од УКИМ
2.Административната такса во износ од 50 денари (Образец ПП 50):

Назив на примачот: Трезорска сметка-Скопје
Банка на примачот: НБРСМ
Трансакциска сметка: 100-0000000-630-95
Уплатна сметка: 840-XXX-03161
Приходна шифра: 722313 002.

3.Испечатени Интерен и Универзитетски пријавен лист (од електронската пријава на www.upisi.ukim.edu.mk).
4. Изјава за користење на личните податоци (интерен образец на web страна).
5. Изјаснување на кандидатите за ментор (интерен образец на web страна).
6. Документ за завршен прв циклус/додипломски студии (уверение за дипломиран оригинал, уверение за дипломиран со оценки оригинал, копија од диплома заверена кај нотар).
7. Куса биографија (CV).
8. Потврда за активно познавање странски јазик (оригинал, староста на документот не е ограничена).
9. Извод од матична книга на родените (оригинал, староста на документот не е ограничена).
10. Документ за државјанство (оригинал, староста на документот не е ограничена).
11. Препораки од наставни или научни работници (доколку има такви).
12. Список на стручни или научни трудови и примерок од нив (доколку кандидатот има).
13. Документи за евентуални награди, признанија и други документи.

**Напомена:** Пријавувањето се врши со оригинални документи, пожелно е пред пријавувањето, кандидатите да направат преписи од документите за свои потреби (заверени фотокопии).

## III.2. ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

При запишување кандидатите ги поднесуваат во оригинал следниве документи:

1. Индекс и пријавни листови
2. Две фотографии (3,5 x 4,5) - една за индекс и една за образец за запишување на семестар.
3. Пријавниот лист за запишување семестар – Образец А3 од УКИМ.
4. Статистички образец ШВ. 80А за запишување во учебната 2025/2026 година (се подига од Службата за студентски прашања)
5. Потврда за уплатени **500 ЕУР** во денарска противвредност, **цел на дознака: прва рата за II циклус –** (се наведува кратенката на називот на студиската програма)**.**

Уплатата се врши на **образец ПП 50** и треба да ги содржи следните податоци:
**Назив на примачот:** Буџет на РМ, Машински факултет - Скопје
**Банка на примачот:** НБРМ
**Сметка:** 100 0000000630 95
**Износ: 500 ЕУР** во денарска противвредност
**Сметка на буџетски корисник: 1600104278 788 11**
**Приходна шифра: 723119 41 Начин: 2**

**6.** Договор за уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу студентот и Факултетот (се подига од Службата за студентски прашања).

## IV. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ (ЦЕНАТА) ЗА СТУДИРАЊЕ

Надоместокот за студирање изразен во евра се плаќа во денари, според средниот курс на НБРМ на денот на плаќањето.

Надоместокот може да се плати во цел износ при запишување на Факултетот или на **четири еднакви рати,** и тоа:

**- првата рата** од 500 евра при запишување на Факултетот - зимски семестар;
**- втората рата** од 500 евра при запишување на летниот семестар;
**- третата рата** од 500 евра при поднесување на пријавата за магистерски труд односно запишување на трет семестар;
**- четвртата рата** од 500 евра при формирање на комисија за оценка на магистерскиот труд односно запишување на четврти семестар.